# БЕГСТВО ОД СЛОБОДАТА

## Ерих Фром



Наслов на оригиналот:
*Escape from Freedom*
Erich Fromm

Уредник: Наташа Данчевска
Превод од англиски јазик: Сашо Кузмановски
Лектура: Мартин Трповски
Дизајн и подготовка за печат: Сашо Кузмановски
Печат: Студентски сервис, Скопје
Издавач: Икона, Скопје 2026
тираж: 500
www.ikona.mk

CIP - Каталогизација во публикација
Национална и универзитетска библиотека "Св. Климент Охридски", Скопје

159.947.2:123 | 316.647.6

ФРОМ, Ерих. Бегство од слободата / Ерих Фром; [превод од англиски јазик Сашо Кузмановски]. - Скопје: Икона, 2026. - [243] стр.; 21 см. Превод на делото: Escape from Freedom / Erich Fromm. - Фусноти кон текстот

ISBN 978-608-4993-86-5

а) Слобода - Психолошки аспекти б) Модерни општества - Филозофски аспекти в) Слободна волја - Комформизам

COBISS.MK-ID 68809989

# СОДРЖИНА

ПРЕДГОВОР I ........ 5

ПРЕДГОВОР II ........ 8

I. Слобода – психолошки проблем? ........ 13

II. Процесот на индивидуација и двосмисленоста на слободата ........ 30

III. СЛОБОДАТА ВО ЕПОХАТА НА РЕФОРМАЦИЈАТА ........ 43

1. Средновековна позадина и ренесансата ........ 43

2. Периодот на Реформацијата ........ 61

IV. ДВАТА АСПЕКТИ НА СЛОБОДАТА КАЈ СОВРЕМЕНИОТ ЧОВЕК ........ 92

V. МЕХАНИЗМИ НА БЕГСТВО ........ 117

1. Авторитарност ........ 121

2. Деструктивност ........ 150

3. Автоматска конформност ........ 155

VI. ПСИХОЛОГИЈА НА НАЦИЗМОТ ........ 171

VII. СЛОБОДА И ДЕМОКРАТИЈА ........ 196

1. Илузијата на индивидуалноста ........ 196

2. Слобода и спонтаност ........ 208

ДОДАТОК: КАРАКТЕРОТ И ОПШТЕСТВЕНИОТ ПРОЦЕС225

# ПРЕДГОВОР I

Оваа книга е дел од едно пошироко истражување што се однесува на карактерната структура на современиот човек и на проблемите на заемното дејство меѓу психолошките и социолошките фактори, на кое работам веќе неколку години и чиј завршеток би барал значително повеќе време. Сегашните политички случувања и опасностите што тие ги навестуваат за најголемите достигнувања на современата култура – индивидуалноста и единственоста на личноста – ме наведоа да го прекинам трудот на поширокaта студија и да се сосредоточам на еден нејзин аспект, кој е пресуден за културната и општествената криза на нашето време: значењето на слободата за современиот човек.

Мојата задача во оваа книга би била полесна доколку би можел да го упатам читателот на довршената студија за карактерната структура на човекот во нашата култура, зашто значењето на слободата може целосно да се разбере само врз основа на анализа на целокупната карактерна структура на современиот човек. Бидејќи тоа не е случај, бев принуден често да се повикувам на одредени поими и заклучоци без да ги разработам онолку подробно колку што би можел доколку би имал поширок простор. Во однос на други прашања од голема важност, често можев само накратко да ги отворам, понекогаш воопшто и да не се задржам на нив. Меѓутоа сметам дека психологот треба без одлагање да го понуди својот придонес кон разбирањето на сегашната криза, дури и ако мора да се откаже од стремежот кон целосност.

Укажувањето на значењето на психолошките согледувања во однос на сегашната состојба, според мое мислење, не подразбира преценување на психологијата. Основната единица на општествениот процес е поединецот – неговите желби и стравови, неговите страсти и разум, неговите наклонетости кон добро и кон зло. За да ја разбереме динамиката на општествениот процес, мора да ја разбереме динамиката на психолошките процеси

што дејствуваат во поединецот; исто како што, за да го разбереме поединецот, мора да го согледаме во контекстот на културата што го обликува.

Тезата на оваа книга е дека современиот човек, ослободен од врските кои ги имал во прединдивидуалистичкото општество – кое истовремено му давало сигурност и го огра0ничувало – не стекнал слобода во позитивна смисла, односно не ја остварил својата индивидуална суштина, и не ги развил и изразил своите интелектуални, емоционални и сетилни потенцијали. Слободата, иако му донела независност и рационалност, го оставила изолиран и, со тоа, вознемирен и немоќен. Таа изолираност е неподнослива, а алтернативите со кои се соочува се: или да избега од товарот на својата слобода кон нови зависности и потчинетост, или да напредува кон целосно остварување на позитивната слобода, која се темели врз единственоста и индивидуалноста на човекот.

Иако оваа книга е повеќе дијагноза отколку прогноза – анализа повеќе отколку решение – нејзините заклучоци имаат значење за нашето дејствување, зашто разбирањето на причините за тоталитарното бегство од слободата е предуслов за секое дејствување што има за цел победа над тоталитарните сили.

Се откажувам од задоволството да им се заблагодарам на сите оние пријатели, колеги и студенти на кои им должам поттик и конструктивна критика на моето мислење. Читателот во фуснотите ќе најде упатувања на авторите кон кои чувствувам најголема благодарност за идеите изразени во оваа книга. Сепак, сакам посебно да им искажам благодарност на оние што непосредно придонесоа за завршувањето на овој том.

Пред сè, ѝ благодарам на г-ца Елизабет Браун, која со своите предлози и критики даде непроценлива помош во организирањето на ова дело. Понатаму, му благодарам на г. Т. Вудхаус за неговата голема помош при уредувањето на ракописот и на д-р А. Зајдеман за помошта во философските прашања допрени во оваа книга.

Им благодарам на следниве издавачи за дозволата да користам обемни извадоци од нивните публикации: Board of Christian Education, Филаделфија – извадоци од *Institutes of the*

*Christian Religion* од Џон Калвин; Columbia University Press, Њујорк – извадоци од *Social Reform and the Reformation* од Џејкоб С. Шапиро; Wm. B. Eerdmans Publishing Co., Гранд Рапидс – извадоци од *The Bondage of the Will* од Мартин Лутер; Harcourt, Brace and Company, Њујорк – извадоци од *Religion and the Rise of Capitalism* од Р. Х. Тони; Houghton Mifflin Company, Бостон – извадоци од *Mein Kampf* од Адолф Хитлер; The Macmillan Company, Њујорк – извадоци од *The Civilization of the Renaissance in Italy* од Џејкоб Буркхарт.

Е. Ф.

# ПРЕДГОВОР II

Речиси дваесет и пет години поминаа од објавувањето на првото издание на оваа книга. Дваесет и четирите изданија што беа објавени оттогаш ги читаа стручњаци, поширока публика, а особено студенти, и ми претставува задоволство што ова издание во библиотеката на „Ејвон“ ќе ја направи книгата уште подостапна за многу нови читатели.

„Бегство од слободата“ претставува анализа на феноменот на човековата вознемиреност што произлегува од распадот на средновековниот свет, во кој – и покрај многуте опасности – човекот се чувствувал сигурен и заштитен. По векови борби, човекот успеа да изгради незамисливо богатство на материјални добра. Во делови од светот создаде демократски општества и неодамна успеа да се одбрани од новите тоталитарни планови. Сепак, како што настојува да покаже анализата во „Бегство од слободата“, современиот човек и натаму е вознемирен и се наоѓа во искушение да ја предаде својата слобода на диктатори од секаков вид, или да ја изгуби така што ќе се претвори во мал запчаник во машината – добро нахранет и добро облечен, но не слободен човек, туку автомат.

По дваесет и пет години, оправдано е прашањето дали општествените и психолошките тенденции врз кои се темели анализата во оваа книга продолжиле да постојат или, напротив, се намалиле. Несомнено е дека во оваа последна четвртина век, причините за човековиот страв од слободата, и за неговата вознемиреност и подготвеност да стане автомат, не само што не исчезнале, туку значително се зголемиле.

Најзначајниот настан во тој поглед е откривањето на атомската енергија и можноста да биде употребена како оружје за уништување. Никогаш досега во историјата човечкиот род не бил соочен со можноста за целосно уништување – и тоа со сопствени раце. А сепак, пред релативно кратко време, за време на кубанската криза, стотици милиони луѓе во Америка и Европа неколку дена не знаеја дали тие и нивните деца ќе дочекаат нов

ден. И покрај тоа што оттогаш се направени обиди да се намали опасноста од слична криза, разорните оружја сè уште постојат; копчињата постојат; луѓето задолжени да ги притиснат, кога нужноста ќе им се чини оправдана, се таму; вознемиреноста и беспомошноста сè уште се таму.

Покрај нуклеарната револуција, кибернетската револуција се развиваше побрзо отколку што мнозина можеа да предвидат пред дваесет и пет години. Влегуваме во втората индустриска револуција, во која не само човечката физичка енергија, односно не само рацете и мускулите, туку и неговиот мозок и нервните реакции се заменуваат со машини. Во најразвиените индустриски земји, како што се Соединетите Американски Држави, се раѓаат нови грижи поради заканата од растечката структурна невработеност. Човекот се чувствува уште помал кога се соочува не само со појавата на гигантски претпријатија, туку и со речиси саморегулирачки свет на компјутери што размислуваат многу побрзо – а често и попрецизно – од него.

Има уште една опасност која се зголеми наместо да се намали: експлозијата на населението. И во овој случај, еден од резултатите на човечкиот напредок, имено достигнувањата на медицината, доведе до таков пораст на населението, особено во неразвиените земји, што порастот на материјалното производство едвај може да држи чекор со него.

Гигантските сили во општеството и заканите по опстанокот на човекот се зголемија во овие дваесет и пет години, а со тоа се зголеми и човековата склоност да бега од слободата. Сепак, постојат и околности што влеваат надеж. Диктатурите на Хитлер и Сталин исчезнаа. Во советскиот блок, особено во помалите држави, иако останаа ултраконзервативни и тоталитарни, јасно е видлива тенденција кон постепена либерализација. Соединетите Американски Држави се покажаа отпорни кон секакви тоталитарни обиди за стекнување моќ. Преземени се и значајни чекори кон политичко и општествено ослободување на Афроамериканците, кои ги прават уште повпечатливи храброста и дисциплината на оние што стоеја во првите редови на борбата за нивната слобода, и црни и бели.

Сите овие факти покажуваат дека стремежот кон слобода, кој е вроден, кој е дел од човечката природа, иако може да биде изопачен и потиснат, има тенденција упорно да се наметнува. Но овие утешни факти не смеат да нè наведат да мислиме дека ризиците од „бегство од слободата“ не се толку големи – или дека денес не се дури и поголеми – отколку што беа кога оваа книга првпат беше објавена.

Дали ова значи дека теоретските сознанија на социјалната психологија се бескорисни кога станува збор за нивното влијание врз човечкиот развој? Тешко е да се даде убедлив одговор на ова прашање, а авторот во ова поле можеби е неоправдано оптимистичен во однос на општествената вредност на сопствената работа и на онаа на своите колеги. Сепак, со должно почитување на таа можност, мојата верба во важноста на свесноста за индивидуалната и општествената реалност не само што не е ослабната, туку е сега уште поцврста.

Накратко можам да кажам зошто е тоа така. На сè поголем број проучувачи на човекот и на современата состојба на светот им станува јасно дека главната тешкотија со која се соочуваме е фактот што развојот на човековите интелектуални способности далеку го надминал развојот на неговите емоции. Човечкиот мозок живее во дваесеттиот век, но срцето на повеќето луѓе сè уште бие во каменото доба. Повеќето луѓе сè уште не ја стекнале потребната зрелост за да бидат независни, рационални и објективни. Ним им се потребни митови и идоли за да ја поднесат вистината дека човекот е сам, и дека не постои никаква власт што му дава смисла на животот освен самиот човек.

Човекот ги потиснува ирационалните страсти на разорност, омраза, завист и одмазда; тој се поклонува пред моќта, парите, суверената држава и нацијата; додека усно им оддава почит на учењата на големите духовни водачи на човечкиот род – Буда, пророците, Сократ, Исус, Мухамед – тој всушност ги претворил нивните учења во џунгла од суеверија и идолопоклонство. Имајќи го тоа предвид, како може човештвото да се спаси од самоуништување, предизвикано од оваа несразмерност меѓу интелектуално-техничката преразвиеност и емоционалната заостанатост?